ГОДИШНИК

на АСОЦИАЦИЯ „ОНГЪЛ“, том 19, год. XIV, 2021

# ПРЕНАСЯНЕТО НА САКРАЛНОСТ

## (Локално – регионално – национално)

София, 2021

ROD

**Годишникът се издава**
**с подкрепата на Община Самоков**

**РЕДАКЦИОННА КОЛЕГИЯ**

**дфн I ПКС Росен Росенов Малчев (Главен редактор)**
**доц. д-р Константин Звездомиров Рангочев**
**проф. д-р Николай Иванов Ненов**
**проф. д-р Маргарет Драганова Димитрова**

**Международни членове:**
**проф. д-р Владимир Наполских, член-кореспондент на РАН,**
**Удмуртски университет – Ижевск, Руска федерация**
**доц. д-р Трайче Нацев, Университет „Гоце Делчев“ – Щип,**
**Р. Северна Македония**

**ПРЕНАСЯНЕТО НА САКРАЛНОСТ**
**(Локално – регионално – национално)**

Първо издание

© Асоциация за антропология, етнология
и фолклористика „Онгъл“, 2021
ел. поща: ongal1991@abv.bg
www.ongal.net
© Импресарско-издателска къща „Род“, 2021
ел. поща: rod_sofia@yahoo.com

Формат 16/60/84
Тираж 300
Печатница *Тип-топ прес*

**ISSN 1311-493X**

ANNUAL

of 'ONGAL' ASSOCIATION, Vol. 19, Year XIV, 2021

# TRANSFERRING THE SACRED

## (Locally, regionally and nationwide)

Sofia, 2021

ROD

**The Annual is published
with the support of Samokov municipality**

**EDITORIAL BOARD**

**1st class teacher Rossen Rossenov Malchev, Dr. Habil.
(Editor-in-shief)
Assoc. Prof. Konstantin Zvezdomirov Rangochev, Ph.D.
Prof. Nikolay Ivanov Nenov, Ph.D.
Prof. Margaret Draganova Dimitrova, Ph.D.**

**International members:
Prof. Vladimir Napolskih, Dr. Habil., Corresponding Member
of the Russian Academy of Sciences, Udmurt University, Izhevsk,
Russian Federation
Assoc. Prof. Trayche Natsev, Ph.D., Gotse Delchev University, Shtip,
Republic of North Macedonia**

**TRANSFERRING THE SACRED
(Locally, regionally and nationwide)**

First edition

© 'Ongal' Association of Anthropology, Ethnology,
and Folklore Studies, 2021
e-mail: ongal1991@abv.bg
www.ongal.net

© 'Rod' Impressario & Publishing House, 2021
e-mail: rod_sofia@yahoo.com

**ISSN 1311-493X**

# СЪДЪРЖАНИЕ

**Уводни думи** ........................................................................ 13

## САКРАЛИЗАЦИЯ НА ПРОСТРАНСТВОТО

**Любомир Цонев** – Пренос на сакралност от езическа древност до християнското средновековие и съвременността: примери ........................................ 15
**Татьяна Савельева** – Иеротопии на Южном Урале: пути и механизмы сакрализации пространства ............................... 36
**Дејан Крстић** – Супститути светог дрвета у кући у традиционалној култури Балкана ............................................ 46
**Миглена Христозова** – Сакрални пространства и преселения. Наблюдения върху основни наративни модели във „Веда Словена“ ........................................ 86
**Йоанна Планшет** – Приносът на литургията към концепцията на сакралното пространство на византийски паметник с гробнично значение: случаят с Бачковската костница ................................................ 101
**Таня Матанова** – „Пътят на Зографските светии“ – места на памет, център и периферия .............................................. 111
**Надя Терзиева** – Култове и свети места в околностите на село Ситово, община Родопи, Пловдивска област .................. 122
**Мариянка Борисова** – Изселени при изграждането на язовир Огоста села: памет, наративи, ритуални практики .................................................................... 137
**Яна Гергова** – Препотвърждаване и преосмисляне на сакралното пространство: потопените църкви на с. Запалня и с. Виден ...................................................... 151
**Лина Гергова** – Дарец преди и след язовира: модели на запомняне и спомняне ............................................ 163

## ЦЪРКВА И СВЯТОСТ

**Теодор Пеев** – Игумени на Бачковския манастир
(Опит за хронология) .................................................................. 178
**Илинка Атанасова** – За едно кочанско свештеничко
семејство (Свештените предмети
како извор за информации) ......................................................... 186
**Иванка И. Иванова** – Свети Иван Рилски от Варовитец ............ 200
**Ивета Рашева** – Митотворчеството като пренасяне
на сакралност (Размисли върху „История
славянобългарска“ от преп. Паисий Хилендарски) ....................... 208
**Георги Захов** – Дарителството за учебното дело
в Самоков през Възраждането ...................................................... 215
**Силвио Томов** – Покръстването на българите
мохамедани през 1912–1913 г.
Историографски проблеми ........................................................... 223

## ЕТНОЛОГИЯ НА КУЛТУРАТА

**Николай Ненов** – „Разкази за дунавската цивилизация“.
Рибарите като общност с наследство ............................................ 238
**Миглена Николаева** – Ивановден в град Тръстеник,
Плевенско, с акцент върху обичая „Кьорава кобила“ .................. 261
**Димитър Добревски** – Локални специфики
на традиционната българска кухня
в Северозападна България ........................................................... 271
**Явор Иванов** – Традиционен костюм и украса
в старите окръжия – Софийско, Кюстендилско
и Трънско, според държавен документ
от края на XIX в.: между сакралното и всекидневното ................ 279
**Хюлия Ахмед** – „Село назаем“ и „Резиденция Баба“ –
новите възможности за българските села .................................... 290
**Владимир Власков** – Признанието „изменение
на климата“ и последиците за човека ........................................... 296

## ЕТНОМУЗИКОЛОГИЯ

**Веселка Тончева** – Песента за цар Иван Шишман:
опит за контекстуализиране ........................................................ 307
**Тодор Моллов** – Преподновеният брак в баладата
„Мъж продава жена си“ ............................................................... 321
**Александар Димитријевски** – Музичките состави
од инструменталната македонска *етнопоп*
музика од 80-тите години на 20-тиот век ..................................... 341

## ЕЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Яна Сивилова** – Езоповата традиция ........................................... 348
**Пламена Костова** – *Успението на св. Йоан Богослов*
в южнославянските календарни сборници .................................. 363
**Иво Братанов** – Към въпроса за топографията
на българската възрожденска книжнина (Книгите
на Иван Н. Момчилов и на Никола Михайловски,
издадени със спомоществования) ................................................ 373
**Владимир Власков** – Климатично райониране
на България и диалектната делитба на българския език ............. 388
**Красимира Петрова** – Психолингвистични методи
за изследване на хронотопа ......................................................... 395

## АРХЕОЛОГИЯ И ИСТОРИЯ

**Владимир Найденов** – За две интересни находки
militaria от района на античния Dimum ......................................... 414
**Михаил Христов** – Археологически данни за римско
военно присъствие на „Шишманово кале“ .................................... 418
**Јулијана Иванова** – Кремации од 4 век од локалитетот
Коколов рид ..................................................................................... 428

**Трајче Нацев, Драган Веселинов** – Ранохристијански центри во источните области на Република Северна Македонија ........................................ 441
**Филип Петрунов** – Змей – дракон по археологически и етнографски данни ........................................ 455

## ЖИВОПИС И РЕСТАВРАЦИЯ

**Елена Панайотова** – Животът като философия на развитие и вечно повторение ........................................ 464
**Илия Борисов** – Две непознати живописни произведения на ранния Ненко Балкански, които са част от колекцията „Стоян Сотиров“ в Благоевград ........................................ 478

**Илюстрации** ........................................ 484

## TABLE OF CONTENTS

**Foreword** .......................................................................... 14

## SACRALIZED SPACE

**Lyubomir Tsonev** – Sacrality transfer from heathen antiquity to Christian middle ages and modern times: examples ............ 15

**Savel'eva Tat'yana Viktorovna** – Hierotopy in the Southern Urals: ways and mechanisms of sacralization of space ............ 36

**Dejan Krstic** – The substitutes of the Holy tree in the house in the traditional Balkan culture ............ 46

**Miglena Hristozova** – Sacred spaces and resettlements: some observations on the main narrative models in "Veda Slovena" ............ 86

**Yoanna Planchette** – The contribution of liturgy to the conception of sacred space in a Byzantine sepulchral monument: the case of the Bachkovo ossuary chapel ............ 101

**Tanya Matanova** – Memory sites, center and periphery "On the trail of Zographou saints" ............ 111

**Nadya Terzieva** – Cults and secret places in the vicinity of the village of Sitovo, Rodopi municipality, Plovdiv district .......... 122

**Mariyanka Borisova** – Displaced during the construction of the dam „Augusta" villages: Memory, narratives, ritual practices ............ 137

**Yana Gergova** – Reaffirm and rethinking sacral space: submerged churches in Zapalnya and Viden villages ............ 151

**Lina Gergova** – Darets before and after the reservoir: models of remembrance and recall ............ 163

## CHURCH AND HOLINESS

**Teodor Peev** – Bachkovo monastery abbots
(An attempt at chronology) ............................................................ 178
**Ilinka Atanasova** – Of one clerical family from Kochani
(Clerical items as source of information) .......................................... 186
**Ivanka I. Ivanova** – St. Ivan Rilski from Varovitets ......................... 200
**Iveta Rasheva** – Creation of new myths as a transition
of sacredness (Thoughts upon "A Slavonic-Bulgarian
History" by Paisius of Hilendar) ....................................................... 208
**Georgi Zahov** – Various charities that aided
the enlightenment in Samokov during
the Bulgarian revival ....................................................................... 218
**Silvio Tomov** – The conversion of Bulgarian Slavic Muslims
to Christianity in 1912–1913 ............................................................. 223

## ETHNOLOGY OF CULTURE

**Nikolay Nenov** – "Stories about the Danube civilization".
Fishermen as a heritage community ................................................. 238
**Miglena Nikolaeva** – Ivanovden in Trastenik city,
Pleven region, with an accent observance „Kiorava kobila" ............. 261
**Dimitar Dobrevski** – Local specifics of traditional
Bulgarian cuisine in northwestern Bulgaria ..................................... 271
**Yavor Ivanov** – Traditional clothes and decoration
in the old districts of Sofia, Kyustendil and Tran
according to a state document from the end
of the 19th century: between sacral and eternal ................................ 279
**Hyuliya Ahmed** – "Baba residence" and "Borrowed
village" – the new opportunities for Bulgarian villages ..................... 290
**Vladimir Vlaskov** – The recognition "climate change"
and its implications for man ............................................................. 296

## ETHNOMUSICOLOGY

**Vesselka Toncheva** – The song of the king Ivan Shishman:
an attempt to contextualization ........................................................ 307
**Todor Mollov** – The renewed marriage
in the "Man sells his wife" ballad ...................................................... 321
**Aleksander Dimitrijevski** – The music ensembles
of the instrumental Macedonian *ethnopop* music
from the 1980ties ............................................................................ 341

## LANGUAGE AND LITERATURE

**Yana Sivilova** – Aesopian tradition .................................................. 348
**Plamena Kostova** – *The Assumption of John the Theologian*
in the south Slavic calendrical collections .......................................... 363
**Ivo Bratanov** – The topography of the Bulgarian
revival literature (Ivan N. Momchilov and Nikola
Mikhaylovsky's books, financed by sponsors) ................................... 373
**Vladimir Vlaskov** – Climatic zoning of Bulgaria
and the dialect of the Bulgarian language ......................................... 388
**Krassimira Petrova** – Psycholinguistic methods
in the study of chronotope ................................................................. 395

## ARCHAEOLOGY AND HISTORY

**Vladimir Naydenov** – For two interesting findings
"militaria" from the ancient Dimum area ........................................... 414
**Mihail Hristov** – Archaeological evidence of roman
military presence on "Shishmanovo kale" ......................................... 418
**Julijana Ivanova** – 4th century cremations
from the Kokolov hill site .................................................................. 428

**Trayche Natsev, Dragan Veselinov** − Early Christian centers from the eastern parts of the Republic of North Macedonia ........ 441
**Filip Petrunov** – Serpent − dragon in the archaeological and ethnographic records ........ 455

## FINE ART AND RESTORATION

**Elena Panayotova** – Life as a philosophy of development and eternal repetition ........ 464
**Ilia Borisov** – Two unknown paintings by the early Nenko Balkanski, part of the Stoyan Sotirov collection in Blagoevgrad ........ 478

**Illustrations** ........ 484

# РАНОХРИСТИЈАНСКИ ЦЕНТРИ ВО ИСТОЧНИТЕ ОБЛАСТИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Трајче Нацев**
*Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип*
**Драган Веселинов**
*Центар за управување со кризи – Штип*
*Република Северна Македонија*

На целата територија на источните области на Република Северна Македонија, со археолошки истражувања и историски извори, потврдена е само Епископијата на градот Баргала (План 1.)[1]. Во епископиумот откриени се епископската базилика, епископската резиденција, големата терма, малата терма и цистерната за вода. Покрај епископската базилика, откриени се уште две базилики: базиликата extra muros, откриена надвор од градските бедеми и градската ранохристијанска базилика, лоцирана во централниот дел на градот Баргала, покрај улицата Виа Принципалис.

Покрај епископијата како главно црковно седиште, постоеле и христијански центри со помал ранг од епископијата, кои имаат голема заслуга за ширењето на христијанството и во останатите делови на источните области на Република Северна Македонија. Врз основа на бројот на откриените базилики и ранохристијански еднокорабни цркви на територијата на источните области на Република Северна Македонија, констатираме вкупно десет ранохристијански центри: во Малешевијата – Пехчево, на територијата на Виница: Виница, Пијанец – Дулица, потоа Демир Капија, Нов Дојран, на територијата на Кочани: Мородвиз и Вранинци, потоа Кратово со Коњух, Струмица и територијата на Штип со Крупиште.

### *Регион на Малешевијата*

Во регионот на Малешевијата (Карта 1) откриени и евидентирани се вкупно две ранохристијански базилики и дванаесет ранохристијански цркви.

---

[1] Илюстрациите към статията са публикувани в специална кола в края на годишника на стр. 548–553. Бел. ред.

Ранохристијански центар, на Малешевскиот регион е градот Пехчево, на чија територија се откриени: трикорабната базилика на локалитетот Св.Петка и трите ранохристијански цркви: на локалитетите: Скалата – село Чифлик, Манастир и Лешје во село Спиково.

*Трикорабната базиликата* се наоѓа на 3 км северно од Чифлик на едно зарамнето плато со доминантна позиција (Стефанов 2005: 24 и 32; Стефанов 2009: 29, 43 и 44; Нацев 2019: 60–64), од каде визуелно се гледа цела Малешевија.[2] Базиликата со димензии ширина 15.00 м и должина 19.25 м, има правоаголна форма и излегува од формата на стандарден тип на трокорабна ранохристијанска базилика, во регионот аналогии наоѓаме со градската ранохристијанска базилика на археолошкиот локалитет Баргала. Базилики од ваков тип, се чести форми како на територијата на Македонија така и на територијата на Балканот.

При истражувањето и конзерваторско реставраторските работи констатирани се три градежни фази:

Прва фаза: базилката е еднокорабна со нартекс, најверојатно подигната кон крајот на 5 век.

Втора фаза: кон еднокорабната базилика биле додадени северниот и јужниот кораб. Периметралните ѕидови на еднокорабната базилика во наосот биле срушени, при што добиваат нова архитектонска конструктивна улога. Ѕидовите во западниот дел, односно во делот на нартескот не биле срушени и затоа нартексот не комуницира со северниот и јужниот кораб. Ремоделирањето на базиликата најверојатно било изведено кон крајот на првата половина на 6 век.

Трета фаза: кон трикорабната базилика со нартекс, бил додаден и егзонартекс, со неправилна правоаголна форма. Егзонартексот бил изграден во втората половина на 6 век.

*Еднокорабаната ранохристијанска црква* (Нацев 2019: 63). Откриена на источната периферија на селото Чифлик. Од црквата сочувани се само темелите, околу објектот при посетата на локалитетот,

---

[2] Археолошкото истражување изведено е во 2001 година од страна РЗССК – Скопје, под раководтсво на колегата Маноил Стефанов од Пехчево. Конзерваторските работи се изведени исто така од страна на РЗССК под раководтсво на Трајче Нацев во 2012 година, но истите поради малите финансиски средства не се во целост завршени.

констатиравме фрагментирана градежна керамика и грамади од градежен материјал, обраснати со ниска вегетација.

*Манастир*, ранохристијанска црква лоцирана кај селото Спиково (Нацев 2019: 56–57) **,** на левиот брег на река Брегалница на една пространа тераса.

Ранохристијанската црква е еднокорабна, без нартекс, и влегува во третата група на вториот основен тип на еднокорабни ранохристијански цркви со стандарден или нормален наос, со мало отстапување од оската запад – исток.

*Лешје, ранохристијанска црква* (Нацев 2019: 57)**.** Црквата е лоцирана западно од ранохристијанската црква на локалитетот Манастир, на едно доминантно возвишение познато кај мештаните како Лешје, во рамките на фортификацијата, од која многу јасно се гледаат линиите на одбранбените ѕидови.[3]

### *Регион на Виница*

На територијата што ја зафаќа Виница (Карта 2)**,** во рамките на досегашните археолошки рекогносцирање и истражување, откриени се вкупно 3 базилики и 2 ранохристијански цркви.

Ранохристијански центар, од каде се ширело христијанството во регионот на Виница и во западниот дел на регионот во Пијанец, е градот Виница со двете трикорабни базилики на археолошките наоѓалишта: Горица и Кале.

*Археолошкиот локалитет Горица* (Нацев 2019: 63–65;) се наоѓа на 1.5 км северозападно од градот. Базиликата претставува стандарден тип на трикорабна ранохристијанска базилика, со нартекс и полукружна апсида од надвор и внатре и има мало отстапување од оската запад – исток.

Базилики од ваков тип, се чести форми како на територијата на Македонија така и на територијата Балканот.

*Голема ранохристијаснка базилика* (Балабанов 2011: 43–50; Нацев 2019: 65–68;) откриена на најдоминантанта позиција на утврдувањето Кале – Виница.[4]

---

[3] Извештај од извршени археолошки истражувања на локалитет Лешје во атарот на Пехчево

[4] Во рамките на систематските археолошки истражувања во последната де-

За оваа ранохристијанска базилика предлагам две варијанти за нејзината архитектонска основа, варијатните се без димензии со исклучок на апсидата[5], врз основа на планот, кој е прикажан исто така без димензии, изработен од Коста Балабанов (Балабанов 2011: 43–50):

*Прва варијанта:*

Трокорабна базилика со нартекс, има приближно квадратна форма и излегува од стандарден тип на трокорабна ранохристијанска базилика. Базилики од ваков тип, се многу ретки. Во регионот оваа базилика со предложената форма е многу блиска со Градската ранохристијанската базилка на археолошкиот локалитет Баргала (Нацев, Фрков 2009: 157–172).

*Втора варијанта:*

Трободна базилика со трансепт, нартекс и трансепт, врз основа на двете простории, кои се исти по димензии и се поставени покрај северниот и јужниот периметрален ѕид на базиликата, можеби се пастофории од трансепт. Блиски аналогии од регионот наоѓаме со базилката од Бегов Даб кај Каменица.

### *Регион на Пијанец*

Во регионот на Пијанец (Карта 3), досега се евидентирани и откриени: една ранохристијанска базилика и дваесет и една цркви. Ранохристијански центар во регионот на Пијанец е селото Дулица кое се наоѓа во регионот на Македонска Каменица, од каде христијанството се шири во регионот на Пијанец. Во овој центар влегуваат: трикорабната базилика на локалитетот Бегов Даб, и еднокорабните

---

ценија на минатиот век, беа изведени систематски археолошки истражувања на акрополниот дел на кале Виница, и во рамките на овие истражувања под раководтсво на Коста Балабанов Цоне Крстевски, беше откриена трокорабната ранохристијанска базилика.

[5] Врз основа на приложениот план од страна на Балабанов К., несме во можност да ги презентираме димензиите бидејќи истите не се презентирани. Ново архитектонско снимање на базиликата неможе да се изведе, бидејќи истата е претворена во депонија на камен од страна на раководителот на систематските археолошки истражува Цоне Крстевски.

цркви на локалитетите: Манастир, Селиште – Св. Илија, Ќерамидница и Црква.

*Трикорабна базилика* (Микулчиќ 1977:181–191: Нацев 2019:71–72;**),** лоцирана на околу 400 м западно од утоката на Каменица во Брегалница, на едно возвишение во форма на клин со висина од околу 20 м над реката Брегалница.[6]

Базиликата е трикорабна со нартекс, трансепт и полукружна апсида од надвор и внатре и има мало отстапување од оската запад – исток и претставува единствен тип на базилика со трансепт не само на територијата на Источна Македонија, туку на целата територија на Република Северна Македонија.

*Манастир*, ранохристијанска црква (Нацев 2019:73**).** На околу 1 км северозападно од вештачкото езеро Калиманци. На локалитетот зачувани се темели од еднокорабна ранохристијанска црква а околу неа, сместена и некрополата со гробови од типот на цисти, од кои поголем дел биле уништени при изградбата на регионалниот асфалтен пат Кочани – Македонска Каменица.

*Селиште ,,Св. Илија"*, ранохристијанска црква (Нацев 2019: 73–74**),** лоцирана во непосредна близина на селското училиште во с. Дулица. Ранохристијанската црква има правоаголна форма, ориентирана запад – исток, и влегува во првата група на првиот основен тип на еднокорабни ранохристијански цркви со издолжен наос.

Поради долгиот временски период на обработката на земјата, локалитетот е доста уништен.

*Ќерамидница,* ранохристијанска црква (Keramitciev 1968: 226 ; Микулчиќ 1976: 189; Нацев 2019: 74–75;**),** лоцирана е на највисокото плато на ридот Калата над утоката на Каменица во Брегалница.

Ранохристијанската црква има правоаголна форма и влегува во третата група на првиот основен тип на еднокорабни ранохристијански цркви, со стандарден или нормален наос.

***Регион на Демир Капија***

Ранохристијански центар од каде се шири христијанството во регионот на средниот тек на река Вардар е Демир Капија (Карта 4) со две, трикорабни базилики од локалитетите Црквиште и Манастир и

[6] Денес базиликата е потопена со водите од вештачкото езеро Калиманци.

еднокорабната црква на локалитетот Кале – Стрезов Град, село Челевец.

*Базиликата на локалитетото Манастир* (Алексова 1955: 221; Микулчиќ 1988/89: 65–68; Лилчиќ 1989: 69–70; Нацев 2019:84), се наоѓа југоисточно одреката Вардар, на еден рид над тунелот во клисурата.

*Црквиште* (Алексова 1966: 221; Нацев 2019: 84–85), се наоѓа на околу 1 до 1.5 км,, југозападно од реката Врадар и на 1 км западно од клисурата и од локалитетот Манастир – Демир Капија. Базиликата е трокорабна со нартекс и полукружна апсида од надвор и од внатре. Во западниот дел северно и јужно од нартексот се наоѓаат пастофории со квадратна форма, без дефинирани влезови.

*Кале – Стрезов Град,* ранохристијанска црква (Петров 2018: 135–142; Petrov 2018: 405–425; Нацев 2019: 85–86).[7] Објектот претставува еднокорабна црква со нартекс, со димензии: должина 12.00 м и ширина 4.50 м и влегува во третата група на првиот основен тип на еднокорабни ранохристијански цркви со стандарден или нормален наос.

### *Регион на Нов Дојран*

Во регионот на Нов Дојран (Карта 5) ранохристијански центар е градот Нов Дојран со трикорабната базилика на локалитетот Црквиште и еднокорабната црква на локалитетот Манастир.

*Манастир*, ранохристијанска црква (Aleksova1960: 137; Нацев 2019: 87**),** откриена на патот од Нов Дојран кон Стар Дојран, во 1960 година.[8] Со градежните работи, биле уништени голем број на гробови, како и ранохристијанска еднокорабна црква, од која биле сочувани мали остатоци. Покрај црквата била откриена и фрагментирана архитектонска камена пластика. Денес врз црквата и гробовите, изградена е нова архитектонска содржина.

[7] Базиликата е откриена во 2015–2016 година во рамките на систематските археолошки истражувања под раководтсво на м-р. Орданче Петров. Воедно ја користам оваа прилика да се заблагодарам на раководителот, за добиените информации и фотографии од базиликата.

[8] Базиликата, откриена е од страна на Алексова Блага, во 1961 година.

*Црквиште*, Ранохристијанска базилика (Aleksova 1960: 136–139; Нацев 2019: 88),. Локалитетот е лоциран во централниот дел на Нов Дојран. Блага Алексова со заштитните археолошки истражувања, изведени во 1960 година, била откриена трободна базилика во дворните места Г. Поп Коцев, Р. Џиков и Р. Кацаниев. Со истражувањата на просторот кој не бил изграден, Алексова успеала да открие дел од полукружната апсида од внатре и надвор, дел наосот во кој бил откриен и мозаичен под, делови од северниот и од јужниот брод, како и еден сосема мал дел од нартексот, бидејќи останиот поголем дел бил под темелите на ново изградените станбени објекти. Во базиликата биле откриени остатоци од олтарната преграда (олтарна колона) колона и капител.

### *Регион на Кочани*

Регионот на Кочани е единствен во источните области на Република Северна Македонија, каде се констатирани два ранохристијански центри: Мородвиз и Вранинци (Карта 6)

Во *Мородвиз*· откриен е црковниот комплекс Црквиште (Алексова 1984: 370–390; Трајковски 1987: 89–93; Нацев 2019:), каде во рамките на систематските археолошки истражувања откриени се три цркви: две од ранохристијанскиот период и една средновековна, кои влегуваат во хронолошка рамка од 5 до 12 век.

На просторот прво била подигната еднокорабната ранохристијанска црква, која врз основа на димензиите 9.15 X 12.20 м, не припаѓа на стандардните еднокорабни цркви. Црквата влегува во хронолошката рамка на 5 век.

Со ширењето на христијанството еднокорабанта црква била срушена и на нејзино место била подигната трикорабната базилика, со приближно квадратна форма со димензии ширина 18.14 м и должина 19.50 м, со нартекс. Базиликата припаѓа на стандардните типови на ранохристијански базилики со вписан крст.

Во 12 век врз темелите на еднокорабната и трикорабаната црква била подигната средновековната еднокорабна црква.

Во атарот на вториот ранохристијански центар Вранинци, откриени се три еднокорабни ранохристијански цркви на локалитетите: Градиш, Гробишта и Селиште (Нацев 2019: 90–91).

### *Регион на Кратово*

Ширењето на христијанството во регионот на Кратово (Карта 7) било преку ранохристијанскиот центар Коњух, на чија територија се откриени три базилики на локалитетот, две на локалитетот Големо Градиште и една на локалитетот Кшла.

Прв сакрален објект кој е истражен во Коњух е кружната црква (Радојчиќ 1952: 50; Лилчиќ 2002: 569–591; Нацев 2019: 94–97), која од надворешна страна има форма на правоаголник кој преминува во трапез. Објектот преставува ротонда и влегува во типот базилики со централен план. Според Б. Алексова базиликата е подигната врз гробот или врз реликвиите на некој локален или голем мартир кој загинал за христијанството, чии реликвии се наоѓале под часната трпеза. На оваа констатција укажува и коридорот зад тронот на свештеникот.

На локалитетот Големо Градиште, последен ранохристијански храм кој е откриен е Големата трикорабна базилика (Николовски 2013: 27; Нацев 2019: 97–98), во која како придружни простории, влегуваат атриумот и баптистериумот.

Втор објект кој е откриен во рамките на ранохристијанскиот центар е малата трикорабна базилика на локалитетот Кшла село Коњух (Снајвли 2010: 1392; Нацев 2019: 98–100**).** Врз основа на големиот број на гробови, откриени околу базиликата, можеме да претпоставиме дека се работи за базилика со фунерарна функција.

### *Регион на Струмица*

Како ранохристијански центар, за ширењето во струмичкиот регион, ке го издвоиме градот Струмица (Карта 8) со две ранохристијански базилики, откриени на локалитетите Св. 15 те тивериополски маченици и Орта Џамија.

*Св.15 те тивериополски маченици*

Ранохристијанската трикорабна базилика подигната е врз гробовите мартирии (Алексова 1989: 119–129; 1995: 161–169; Нацев 2019: 112–113).Од објектот сочувани се периметралните ѕидови, кои го имаат пресечено постариот објект со остатоци од мозаичен под. Потоа еден мал дел од апсидата на источната страна, северниот периметрален ѕид и основата на северниот стилобатен ѕид.

Блага Алексова е на мислење дека базиликата над гробовите на Струмичките мартирии претставува култна градба мартириум подигната врз нивните гробови со дедикација на големиот култ кон евхаристијата.

*Орта Џамија*

Од ранохристијанската трокорабна базилика (Стаменова 1989: 351–354; Нацев 2019: 111–112) со археолошките истражувања констатирани се во целост јужниот и фрагментарно северниот периметрален ѕид, ѓакониконот и проскомидијата со полукржна апсида од надвор и внатре, олтарната апсида на наосот која од надвор е полукружна а од внатре е тристрана. Наосот од страничните кораби бил одделен со колонада.

Базиликата имала нартекс, но истиот не е откриен поради новите архитектонски содржини од средновековниот и од османлискиот период, кои биле поставени врз нартексот и кои помогнале во неговото уништување.

## *Регион на Штип*

Покрај епископијата во Баргала, голем допринос во ширењето на христијанството, има и ранохристијанскиот центар Крупиште (Карта 9), лоциран во средниот тек на Брегалница, на чија територија се откриени: катедралниот храм и еднокорабната ранохристијанска црква на локалитетот Кале, потоа кружната црква на ридот Клетовник и трикорабната црква под темелите на средновековната црква Св. Никола.

*Катедрален храм*

Катедралниот храм е откриен на локалитетот Кале (Алексова 1989: 88–94; Микулќич 1999: 345–346; Нацев 2019: 133–135 ). Од објектот е откриен само источниот дел, со пет масивно градени апсиди, кои припажаат на репрезентативна ранохристијанска петокорабна базилика со ширина од 28.90 м. Поради нерешени имотни правни односи, истражувањата се прекинати и затоа денес сеуште немаме информација за неговата должина.

*Кружна црква*

На околу 1 км западно од селото се издига ридот Клетовник кој на врвот има зарамнето плато, откриени се остатоци од ранохристијан-

ски архитектонски објект со кружна форма (Алексова 1983: 92; 1995: 143–144; Нацев 2019: 136–137).

Кружната црква на Клетовник има распон од 10.60 м, со издаден дел на западната страна со зачувана конструкција од големи обработени камени блокови. Во објектот од источната и северната страна постојат блокови кои во три реда навлегуваат во центарот на градбата. За овие блокови можеме да констатираме дека се дел од внатрешното решение на базиликата, со функција на основа за колоните кои ја носеле куполата.

*Црква „Св.Никола"*, ранохристијанска базилика и средновековна црква (Алексова 1983: 82; 1995: 142; Нацев, Панзов 1996: 129–137; Нацев 2019: 137–138). Лоцирана на десниот брег на река Брегалница, под патот Штип – Кочани.

Базиликата е трикорабна со нартекс, и има мало отстапување од оската запад – исток.

Констатирани се две градежни фази:

*Прва градежна фаза*: трикорабната базиликна градба со нартекс од крајот на 5 почетокот на 6 век

*Втора градежна фаза:* врз ѕидовите од стилобатниот ѕид во 17 век била подигната еднокорабната црква Св. Никола.

Блага Алексова, ранохристијанската трокорабна базилика под темелите на црквата Св. Никола, врз основа на местоположбата, смета дека припаѓа на цеметријалните базилики со фунерарна функција (Алексова 1989: 78).

*Еднокорабна ранохристијанска црква*

Ранохристијанската црква лоцирана е во рамките на одбранбените ѕидови на локалитетот Кале, односно на североисточниот раб на селото Крупиште, на стариот колски пат кој води од Крупиште кон Уларци (Алексова 1989: 93–96; Нацев 1998: 135–142).

Ранохристијанската црква има правоаголна форма со надворешни димензии: ширина 9.60 и должина со апсида 16.50 м. Врз основа на наосот влегува во третата група на првиот тип на еднокорабни ранохристијански цркви со стандарден или нормален наос. Исто така објектот влегува во првата варијанта на првиот основен тип на ранохристијанска еднокорабна црква со вписан крст во правоаголно поле, со купола.

Ранохристијанските центри (базиликите и еднокорабаните цркви), биле срушени за време на се позачестените напади од страна на аваро-словените, крајот на 6 почетокот на 7 век.

Од 8 век па се до 14 век, до доаѓањето на османлиите на овие простори, над темелите на поголем број, базилики и еднокорабни цркви биле подигнати нови сакрални градби, кои продолжиле да го шират христијанството во источните области на Република Северна Македонија.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


**Алексова 1955**: Алексова, Б. Остатоци од една стара населба кај село Равен, Нова Македонија, 44. Скопје.

**Алексова 1966**: Алексова, Б. Просек – Демир Капија. Београд – Скопје.

**Алексова 1983**: Алексова, Б. Баргала и средниот тек на река Брегалница, Гласник ГИНИ, XXVII. Скопје.

**Алексова 1984**: Алексова, Б. Нови истражувања на Баптистериумот во Баргала, Зборник посветен на Б. Бабиќ. Прилеп.

**Алексова 1989**: Алексова, Б. Епископијата на Брегалница. Прилеп 1989.

**Алексова 1995**: Алексова, Б. Батпистериумите на епископските центри во Р. Македонија, Цивилизации на почвата на Македонија. Скопје.

**Балабанов 2011**: Балабанов, К. Виничко Кале. Скопје.

**Лилчиќ 1989**: Лилчиќ, В. Траги на ранохристијански базилики во средно Повардарие, Лихнид 7. Охрид.

**Лилчиќ 2002**: Лилчиќ, В. Македонскиот камен за боговите, христијаните, и за живот по живот, Античка камена архитектонска пластика во Република Македонија. Т.1 и 2. Скопје.

**Микулчиќ 1976**: Микулчиќ, И. Две ранохришћанске цркве код Македонске Каменице, Старинар XXVII. Београд.

**Микулчиќ 1988/1989**: Микулчиќ, И., Топографија на Стенае – Просек – Демир Капија, ГЗФФ 41–42. Скопје

**Микулчиќ 1999:** Микулчиќ, И. Антички градови во Македонија. Скопје.

**Нацев 1998**: Нацев, Т. Конзерваторско реставраторски работи на археолошки локалитет Кале – Црвена Црква, Зборник на ЗШНМ, VIII. Штип.

**Нацев 2019**: Нацев, Т. Ранохристијанска архитектура во источните области на Република Македонија. Скопје.

**Николовски 2013**: Николовски, З. Антиката во североисточниот дел на Македонија. Кочани.

**Петров 2018**: Петров, О. Претходен извештај од археолошките истражувања на археолошкиот локалет Кале – Стрезов Град, Археолошки информатор, бр. 1. Прилеп.
**Радојчић 1952**: Радојчић, С. Црква у Коњуху, ЗРВИ XXI. Београд.
**Снајвли 2010**: Снајвли, К. Македонија, Милениумско културно историски факти. Скопје.
**Стаменова 1989**: Стаменова, М. Прелиминарен извештај од археолошкото истражување на локалитетот Орта Џамија во Струмица 1984–1987, Зборник на трудови на ЗЗСКМС. Струмица.
**Стефановски 2005**: Стефановски, М. Пехчево низ вековите. Пехчево.
**Стефановски 2009**: Стефановски, М. Малеш и Пијанец. Пехчево.
**Трајковски 1987**: Трајковски, К. Средновековниот град Мородвис во Македонија, Труды 5-го международного конгресса славянской археологии. Том III. Киев 1985, Москва 1987.
**Aleksova 1960**: Aleksova, B. Kompleks iskopvanja u Novom Dojranu, AP 2, Beograd.
**Krstevski 1986**: Krstevski, C. Gorica, Vinica ranovizantiska bazilika, AP, 27, Ljubljana.
**Mikulcik, Keramitciev 1968**: Mikulcik, I., A. Keramitciev. Sondazna rekognosciranja gornog toka Bregalnice, AP 10, Beograd.
**Petrov 2018**: Petrov, O. A Newly Discovered Early Christian Barrel-Vaulted Tomb in Demir Kapija, Folia Archaeologica Balcanica IV. Skopje.

## EARLY CHRISTIAN CENTERS FROM THE EASTERN PARTS OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Trayche Natsev**
***'Gotse Delchev' University – Shtip***
**Dragan Veselinov**
***Regional crises management center – Shtip***
***Republic of North Macedonia***

*Abstract*

On the entire territory of the eastern regions of the Republic of North Macedonia, archaeological research and historical sources confirmed only the Bishopric of the city of Bargala as the first and so far the only bishopric. Beside the bishopric as the main church seat, there were also

Christian centers with lower rank than that of a bishopric, which have great merit for the spread of Christianity in other parts of the eastern regions of the Republic of North Macedonia.

Based on the number of discovered basilicas and early Christian single-naved churches on the territory of the eastern regions of the Republic of North Macedonia, as Christian centers we can distinguish the following:

- Maleshevija – Pehcevo: three-naved basilica on the site St. Petka and the three early Christian churches on sites: Skalata – village Ciflik, Manastir and Lesje in the village Spikovo.
- Vinica with the two three-naved basilicas at the sites: Gorica and Kale.
- Pijanec: Dulica with the three-naved basilica at the site Begov Dab, and the single-naved churches at the sites: Manastir, Seliste – St. Ilija, Keramidnica and Crkva.
- Demir Kapija with three-naved basilicas at the sites: Manastir and Crkviste and the single-naved church at the site Kale – Strezov Grad – village Celevec.
- Nov Dojran: the early Christian centre Nov Dojran with the three-naved basilica at the site Crkviste, and the singlenaved church at the site Manastir.
- Vraninci (Kocani), with single-naved churches at the sites: Gramadi, Grobista and Seliste.
- Kochani: Morodviz, has been discovered the church complex Crkvishte with two early Christian churches and one medieval church, dating from the 5th to 12th century, and the early Christian center Vraninci, in the area of which three single-church early Christian churches have been discovered, Gramadi, Grobista and Seliste.
- Kratovo with Konjuh, on the territory of which three basilicas were discovered, two at the site Golemo Gradiste and one at the site Kshla.
- Strumica, we will separate the city of Strumica with two early Christian basilicas, discovered at the sites of St.15 Martyrs of Tiberiopolis and Orta Mosque.
- Stip, besides the Bishopric of Bargala, a great contribution to the spread of Christianity, there is also an early Christian center of Krupishte,

located in the middle of Bregalnica, in whose territory are discovered: the cathedral temple and the single-naved Early Christian church at the local church Kale, the three-naved church under the foundations of the medieval church of St. Nicholas.

Early Christian centers (basilicas and single-nave churches) were demolished during the increasingly frequent attacks by the Avar – Slavs, late 6th – early 7th century. From the 8th century until the 14th century, until the arrival of the Ottomans in this region, нew sacred buildings were built above the foundations of most basilicas and single-nave churches, which continued to spread Christianity in the eastern areas of the Republic of North Macedonia.

*Keywords:* Bishopric, eastern regions, Early Christian centers, basilicas, churches.

Илюстрации към статията на Трајче Нацев, Драган Веселинов – „Ранохристијански центри во источните области на Република Северна Македонија“, стр. 441–454.




План 1. План на Епископијата на градот Баргала.




1. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Малешевијата.




2. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Виница.




3. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Пијанец.




4. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Демир Капија.




5. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Нов Дојран.




6. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Кочани.




7. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Кратово.




8. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Струмица.




9. Карта на распространетост на ранохристијански базилики и еднокорабни цркви на територијата на Штип.